**Д Р Ж А В Е Н  П Р О С В Е Т Е Н  И Н С П Е К Т О Р А Т**
**С К О П Ј Е**

# И З В Е Ш Т А Ј

**ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА**
**во ООУ „Владо Тасевски“, Карпош - Скопје**

**Скопје, јуни 2024 година**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09/2-329**
**26.06.2024 година**
Скопје

# ООУ„Владо Тасевски“, Општина Карпош - Скопје

| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | **Од 11.03.2024 година до 13.03.2024 година** |
| **Број на извештај:** | **2/скопски/2024** |
| **Раководител на инспекциски тим:** | **Јасмина Аврамовска** |
| **Вид на училиштето:** | **Основно училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Карпош** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски наставен јазик** |
| **Број на ученици:** | **984** |
| **Полова структура на ученици:** | **518 машки и 466 женски** |
| **Број на наставници:** | **72** |
| **Претседател на училишниот одбор:** | **Даниела Ангелиќ** |
| **Директор на училиштето:** | **Викторија Кочевска** |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | **29-31 октомври 2018 година** |
| **Адреса на училиштето:** | **Ул.,,Миле Поп Јорданов’’ бр. 74** |
| **Телефон:** | **02 3082 728** |
| **Факс:** | **/** |
| **e-mail:** | **v.tasevski@yahoo.com** |
| **оценка од интегрална евалуација** | **Добро (3,04)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 11.03.2024 година до 13.03.2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Владо Тасевски“, Општина Карпош, Скопје.

За време на надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директорот на училиште, со стучни соработници, со Училишен одбор, со Совет на родители, со ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Владо Тасевски“ е **добар (3.04)**[1].

Во училиштето реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта донесен од Министерот за образование и наука. Во паралелките од прво до шесто одделение, воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до деветто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието.

Во училиштето се реализира и програма од проектот за рано изучување на германскиот јазик од најрана возраст за учениците од прво одделение како втор странски јазик по избор на ученикот. Носители на проектот се Гете институт и Германската амбасада.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим, составен согласно законската регулатива и истиот се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Во училиштето има 16 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 4 ученици работаат според ИОП, со еден се работи по модифицирана програма, за останатите се работи со диференциран пристап. За учениците со ПОП училиштето има склучено договор со Основното училиште со ресурсен центар ,,Д-р.Златан Сремец“ од кое добива поддршка и му се обезбедени три образовни асистенти. Има и пет ученика со потешкотии во учењето за кои, поголем број од наставниците ги прилагодуваат целите и активностите

Во училиштето се нудат изборните предмети според наставниот план. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анкетниот лист се нудат како избор три изборни предмети определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонннаставна активност. Во вонннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Училиштето во вонннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди. Постигањата на учениците во

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
Не задоволува,
Делумно задоволува,
Добро и
Многу добро.

последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања. Средниот успех на учениците на училишно ниво, за последните три учебни години е многу добар (3,70). Анализите се презентираат, но причините се наведуваат усно и не се преземаат конкретни активности во таа насока.

Наставниците добиваат поддршка и се врши следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час се следат при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници, која се врши по еднаш во секое полугодие. Наставниците изготвуваат годишни, тематски планирања, неделни планирања и оперативен план или сценарио за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.

Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники, а поголема интеракција е присутна во најголем дел во паралелките од прво, второ, четврто и петто одделение кои работат по новата Концепција за основно образование.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите недоволно се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети. Мал број од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата и по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи - евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците, освен во неколку училници каде што се забележани оштетени подови. Во училиштето има четири лица од вработените, обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и =располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните.

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, но членовите на Ученичкиот парламент имаат забелешки во однос на одржувањето на хигиената во тоалетите и лоша миризба во соблекувалните во фискултурната сала. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и делумно е хортикултурно уреден.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, а училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Професионалното ориентирање се врши од психологот, кој во својата програма има предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија.

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Училиштето има сопствена визија и мисија јавно истакнати и се труди да ги оствари. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Училишната клима е добра, а кај вработените постои добар професионален однос со меѓусебна почит и добра соработка. Рамноправно се третират сите структури, што битно влијае на добрата работна атмосфера. Постои взаемна соработка и заедничка работа на наставниците во

одделенска и предметна настава. Односите на наставниците и стручна служба се исто така на добро ниво.

Раководниот и наставниот кадар се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности.

Наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Поголем број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето.

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Постојат добри просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање воннаставни активнос ти за учениците.

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби училиштето изготвува прилагодени нагледни средства со поддршка на специјалниот едукатор и рехабилитатор.

Наставниците кои работат по концепцијата употребуваат дигитални алатки при реализација на содржините. За целосна имплементација на Концепцијата за основно образование, неопходно е доопремување на сите училиниците со паметна (смарт) табла како што е предвидено со наставната програма.

Училишната библиотека располага со најмногу пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотечната евиденција се води уредно.

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Во текот на интегралната евалуација има еден несоодветен наставник по техничко образование, но изборот е извршен согласно закон. Наставниот кадар е обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор вработен во училиштето и обезбедените образовни асистенти од ресусниот центар. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници. Наставниот кадар и стручните соработници имаат изготвено личен план за професионален и кариерен развој. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на училишен одбор.

Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со директорот е партнерска.

Директорот на училиштето ефикасно ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е осовременување на условите во кои се реализира наставата, унапредување на формите за соработка со

родителите и локалната средина, како и афирмирање на угледот на училиштето во општествената заедница.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со дел бр.02-429/3 од 29.11.2019 година донесен на Училишен одбор. Има Решение за давање согласност на Статут бр.УП1 бр.18-220 од 30.01.2020 година и Решение за давање согласност за изменување и дополнување на статутот на училиштето одобрено од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.УПП 18-1292 од 22.06.2022 година.

Училиштето, преку тимско работење има изготвено Самоевалуација за период 2020/2021 и 2021/2022 учебна година. Самоевалуацијата е заведена со дел.бр.01-307/7 од 07.07.2022 година и истата е усвоена од училишниот одбор на училиштето.

Училиштето има изготвено Развојна програма за период од четири години од 2023 до 2027, заведена со бр.02-31/6 од 31.01.2023 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години и истата е усвоена од Училишен одбор. Во Програмата за развој на училиштето поставени се три стратешки цели:

1. Подобрување на просторните и материјално-техничките услови за учење и работа во училиштето.
2. Изработка и имплементација на програма за вонnаставни активности.
3. Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници.

Покрај стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели и активности.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа, заведена со бр.01-354/8 од 21.08.2023 година, донесена од училишниот одбор со Одлука со дел.бр.02-35/4 од 21.08.2023 година. Годишната програма е доставена до Совет на Општина Карпош, кој во утврдениот законски рок не ја усвоил, но истата се смета за донесена.

Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција со реализација на Програма за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер училиште им е ООУ „Хасан Приштина", Општина Чаир - Скопје, со кои е склучен Меморандум за соработка со бр.03-196 од 31.05.2022 година.

Училиштето има формирано Инклузивен тим од седум члена со Одлука бр.02-426/2 од 12.10.2021 година и за подобрување на поддршката за работа со учениците со ПОП, склучен е Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар ,,Д-р. Златан Сремец“, Скопје.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето има регистриран училишен спортски клуб ,,СУК-2023 Владо Тасевски” - Скопје со приложена тековна состојба од Централен Регистар на РМ со број 0805-50/150020230211245 од 21.08.2023 година. Училишниот спортски клуб е активен во спортовите одбојка, кошарка, фудбал, карате.

Училиштето има мисија, визија, свое мото и свое лого. Училишниот објект и опрема се осигурани. Осигурувањето е за период од 23.12.2023 до 23.12.2024 година со полиси за осигурување издадени од “ АД Осигурителна полиса-Национална групација за осигурување - Скопје “ и средствата за осигурување се обезбедени од сопсвени извори на средства на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и од увидот во сите седум подрачја, тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува **добро**[1].

# Карактеристики на училиштето

ООУ „Владо Тасевски“ е воспитно - образовна установа која се наоѓа во Општина Карпош, на Ул.,,Миле Поп Јорданов’’ бр.74 во Скопје. Училиштето е основано на 01.10.1957 година од поранешната Општина Идадија со издвојување на паралелки од Основното училиште ,,29 Ноември“ - Скопје. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение од Општински комитет за образование, култура и физичка култура на Собрание на Општина Карпош со УП.бр.11-587/6 од 31.01.1986 година. Според донесената реонизација од Општина Карпош, реонот на ООУ ,,Владо Тасевски“ опфаќа дел од територијата на урбаните заедници ,,Кузман Јосифовски Питу“ и ,,Пецо Божиновски Кочо“, кои се протегаат од населбата Капиштец до населбата Нерези.

Носител на основачките права на училиштето е Општина Карпош. Дејноста е регистрирана во Централен регистар со последна промена на упис во тековна состојба со број 30120220016459 од 24.06.2022 година, со ЕДБ 4030995137292 и ЕМБС 4062027.

Во училиштето наставата се одвива во две смени со настава на македонски наставен јазик за ученици од прво до деветто одделение. Во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 984 ученици, од кои 518 машки и 466 женски ученици. Истите се распоредени во 38 паралелки, од кои 22 паралелки се одделенска настава, а 16 паралелки се предметна настава.

Наставата во училиштето ја реализираат 72 наставника (35 во одделенска и 37 во предметна настава). Од нив 62 наставника имаат високо и двајца вишо образование, седум имаат завршени магистерски и еден докторски студии. На неопределено работно време се 53 наставника и 19 наставника на одределено работно време. Според полот 66 се жени и 6 се мажи, а според етничката припадност 70 се македонци, еден влав и еден србин. Двајца наставници кои реализираат настава во ова училиште дополнуваат помал фонд на наставни часови, а имаат друго матично училиште во рамки на Општина Карпош. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат пет стручни соработници педагог, психолог, библиотекар, социолог и специјален едукатор и рехабилитатор.

Училишната зграда е градежен објект од цврста градба со внатрешна површина од 4745 м$^2$ и се состои од приземје и два ката. Начинот на загревање е на централно парно греење.

Наставата се изведува во 18 училници и 14 кабинети. Училиштето располага и со една наставничка канцеларија, седум административни канцеларии, библиотека, училишна кујна, трпезарија и други помошни простории. Училишната зграда во приземјето пристапни за ученици со телесни пречки во развојот (има четири пристапни рампи).

Училиштето располага со училишен двор на површина од 4400 м$^2$ на која површина од 200 м2 има спортски терени и игралишта за спортовите фудбал и кошарка. Располага и со една фискултурна сала на површина од 520 м2 во која има две помошни простории-соблекувални.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Владо Тасевски“ се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на НПП е во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работа на основните училишта. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка

интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение, воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија во паралелките од седмо до деветто одделение наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура и преку веб страната на училиштето.

Во училиштето има 16 ученици со посебни образовни потреби со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, 4 ученици работаат според ИОП, со еден се работи по модифицирана програма, за останатите се работи со диференциран пристап. Овие ученици се идентификувани од наставниците и стручната служба. Со Одлука бр.02-426/2 од 12.10.2021 година донесено од директорот на училиштето формиран е училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните практики на ниво на училиште и работи според изготвена програма која е составен дел од годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби има Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. За работата со децата со посебни образовни потреби, е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, психолог и 3 образовни асистенти кои даваат подршка на 4 ученици. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор, наставниците ги прилагодуваат целите и стандардите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Инклузивниот тим за ученик врши евалуација и ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати на секое полугодие и по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Владо Тасевски“ има склучено Договор бр.03-230/3 од 15.06.2021 година за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ од Скопје за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето од страна на ресурсниот центар која вклучува и обезбедување поддршка од образовни асистенти.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за слободните изборни наставни предмети. Во месец септември се реализира анкетен прашалник за конечен избор на слободни изборни предмети.

Во ООУ„Владо Тасевски“ се планира и реализира проширена програма за учениците од прво до третто одделение. Се реализира оранизирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставата од одделенски наставник и еден час по завршувањето на наставата. Проширената програма опфаќа ученици од одделенија.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Потпишан е Меморандум бр.03-196/1 од 31.05.2022 година, за соработка со ООУ„Хасан Приштина“ – општина Чаир во Скопје. Програмата нуди еколошки активности, активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи и

заеднички вонаставни активности (екскурзии). Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности, проекти и активност за одбележување на значајни датуми во двете училишта.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието, граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Поголем број од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и позитивни и негативни искуства при примената на Концепцијата, но до релевантните институции нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички вонаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето има добиено грант од МОН за две последователни години.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности, според сопствен избор. Сите учениците се вклучени барем во една вонаставна активност според нивните индивидуални способности, интереси и предиспозиции со изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во вонаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на вонаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока се реализирани активности за поттикнување демократска клима – отворен ден за граѓанско образование, реализација на хуманитарен настан и работилници со антикорупциска содржина. Активни се поголем број училишни секции (млади географи, биологичари, математичари, литературна, драмска и др.).

Учениците со поддршка од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во последните 3 учебни години, учениците имаат добиено 11 први награди на државно ниво, 14 втори места и 12 трети места на државно ниво. Наградите се во областа на природни науки, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, спорт (фудбал) и ликовно. На регионално ниво освоени се 26 први, 35 втори и 31 трети места односно добиени се 92 награди. Екипата кошарка има учествувано на светско првенство и има освоено шестто место. Во изминатите три години училиштето има и освоени награди на ликовни и литературни конкурси во и надвор од училиштето.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа: Еразмус+ (поголем број проекти), поголем број проекти од областа на интеркл турализмот (книжевни работилници, посети на галерии, ликовни работилници и др.), Еко проекти, проектни активности на инклузивниот тим во соработка со училишта со ученици со ПОП, одбележување на денови, рано изучување на германски јазик преку соработка со ГЕТЕ институтот, План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање и спречување на дискриминација и др.

Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната

реализација (Злоупотреба на алкохол и дрога, хуманитарни акции и др.) Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (пр. интернет страна, блогови, социјални мрежи, веб страна на општината Карпош и сл.) и настани во општината. Обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнер училиштето.

Училиштето со приложена тековна состојба од Централен Регистар на РСМ со број 0805-50/150020230211245 од 21.08.2023 година, има регистриран училишен спортски клуб СУК-ВЛАДО ТАСЕВСКИ – Скопје. Активностите на училишниот клуб во кошарка, одбојка, фудбал и карате реализираат во спортските секции на училиштето. Спортскиот клуб е активен и редовно е присутен со екипи на сите натпревари во опшина Карпош и пошироко.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,71, во учебната 2021/2022 година е 4,68 и во учебната 2022/2023 година е 4,71. Нема значајно отстапување во однос на средниот успех за последните три учебни години. Споредено со средниот успех на крајот од прво полугодие отстапувањето е половина оценка. Описното оценување не се споредува.

Анализите се презентираат на наставнички совет, совет на родители и училишен одбор. Причините се наведуваат усно. Нема идентификувано причини за постигнатите резултати.

Училиштето идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето и дава соодветна подршка. Подршка на надарените ученици е во нивно вклучување во натпревари.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Се води виденција за реализација на дополнителна и додатна настава.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Превзема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, посета на градинки, остварува соработка со надлежни институции и со локалната заедница. Изготвен е правилник за запишување ученици во прво одделение усвоен од училишните органи во кој е содржана процедурата и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици. Нема незапишани ученици.

Училиштето располага со податоци каде учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето само за оние ученици за кои средните училишта доставиле такви податоци.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците но не ги анализира причините за отсуство. Во последната учебна година има тренд на зголемување на неоправданото отсуство кое според стручната служба се должи на доцнење. Неоправданото отсуство е помало од 4 неоправдани по ученик.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот психолог. Најголем број советувања се по однос на несоодветно однесување на учениците за што се изречени педагошки мерки. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Психологот ги следи резултатите од советувањето и смета дека има подобрувања.

Во училиштето нема појава на осипување на ученици.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3 Повторување на ученици

Во последните 3 учебни години нема ученици кои повторувале.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Наставниците добиваат поддршка и се врши следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и модифицирана програма и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар „Др.Златан Сремац“ при нивната изработка. Во една учебна година, најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа со учениците од седмо до деветто одделение изработуваат годишни, тематски планирања и опративен план за наставен час. За реализирање на наставните програми според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. Наставниците кои реализираат воспитно-образовна работа од прво до шесто одделение изработуваат сценарио за наставен час, тематски планирања и неделни планирања во одделенска настава  во согласност со Насоките за планирање, организација и реализација на наставата изготвени од Бирото за развој на образованието. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во најголем дел од планирањата. Наставникот со звање наставник ментор има изготвено програма за работа со двајца наставници приправници.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта, со поддршка од стручните соработници и одговорниот советник од БРО. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално со размени на идеи во стручните активи.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови е изготвен од педагогот и наставник по математика. За одделенска настава го изготвуваат самите наставници. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на поголем дел од наставниците, вклучувајќи ги и наставниците приправници.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни  методи за работа со учениците најчесто  индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Планираните диференцирани цели ги реализираат помал број наставници. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани голем број на часови со примена на ИКТ. За целосна имплементација на Концепцијата за основно образование, неопходно е доопремување на сите училиниците со паметна (смарт) табла како што е предвидено со наставната програма. Наставниците кои работат по концепцијата употребуваат дигитални алатки при реализација на содржините. Со употребата на алатките недоволно се запознаени учениците. Дел од (10) смарт таблите се нефункционални и се користат како пано за ИКТ презентации.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература.

Наставниците често ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Интеракција наставник – ученик е обезбедена кај најголем број наставни часови, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во текот на учебната година од страна на директорот или од стручните соработници со соодветен инструмент за следење на наставата. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците и паноа со едукативна содржина. Во дел од училниците и холот има содржини во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

Наставата по физичко образование се реализира со две па и три паралелки на ист наставен час со што се соочени со недостиг на простор за квалитетна реализација на наставата. Училиштето има покренато низа мерки и активности за надминување на овој проблем кој сеуште е актуелен.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште согласно стандардите од БРО. Учениците недоволно се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по поголем број наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај најголем број на наставници е јавно и транспарентно. Има примери и на ненавремено несоопштување на добиената оценка за што се изјаснија членовите на ученичкиот парламент. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Поголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и им даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Мал број од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник. Училиштето организира и отворен ден на кој се присутни сите наставници.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Доставувањето на евидентните листи се врши електронски преку апликацијата на е-дневникот. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

# 4. Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупна грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците, освен во неколку училници каде што се забележани оштетени подови. Училиштето е осигурано од сопствени средства во АД,,ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА“ А.Д. – Скопје, за што училиштето поседува Полиса бр.080010087323, за осигурување на имот од опасност од пожар и некои други опасности за период од 23.12.2023 година до 23.12.2024 година, Полиса бр.080010087319 за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво, за период од 23.12.2023 година до 23.12.2024 година и Полиса бр.080010087325 за осигурување од пожар и други опасности, провална кражба и разбојништво на електронски сметачи и друга опрема, за период од 23.12.2023 година до 23.12.2024 година. Во училиштето се осигурани учениците за што училиштето поседува Полиса бр.010010241011 издадена од КРОАЦИЈА осигурување /неживот АД Скопје за период од 22.09.2023 година до 22.09.2024 година и вработените со Полиса бр.010010245989 издадена од КРОАЦИЈА осигурување /неживот АД Скопје за период од 01.11.2023 година до 01.11.2024 година. Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна основа.

Училиштето има пропишани мерки и активности кои ги реализира според планираното за безбедност на учениците во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор. Во училиштето има четири лица од вработените, обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и училиштето располага со пакет средства за прва помош.

Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и минатата учебна година се изведени две симулативни вежби. Во училиштето има 11 хидрантски приклучоци, од кои 1 е сместен во подрум, 4 се распоредени на приземје, 3 се распоредени на првиот кат во училишниот објект и 3 на вториот кат, чија исправност е проверена на 31.07.2023 година од страна на фирмата ,,СИГУРНОСТ-ДП“ ДООЕЛ-Скопје. Има и 12 ПП апарати кои редовно се сервисираат, односно последното сервисирање на ПП апаратите е направено на ден 06.02.2024 година. Проверката за исправност на ПП апаратите и хидрантите е извршена од страна на фирмата ,,СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ-Скопје. Училиштето има громобранова инсталација и инсталирана интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето има пишани документи како Куќен ред и Кодекс/Правилник на однесување во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните, кои доследно се реализираат и се применуваат. Училиштето поседува Упатство и Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било

од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците, редовно се одржуваат предавања и работилници за заштита на учениците од насилно однесување, работилници и предавања за сајбер насилство, позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи од страна на стручните соработници во соработка со ПС Карпош.Училиштето е вклучено во проектот „Крени глас-Зборовите можат да повредат“, во соработка АД Макпетрол-Скопје. Училиштето активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во училниците се истакнати плакати за забрана и штетност од пушење, алкохол и користење на наркотични средства. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето редовно организира предавања од страна на стручниот соработник педагог и предметниот наставник по биологија, а во учебната 2020/2021 година во училиштето бил реализиран проектот D.A.T.A. (Drugs and alcohol teenage addictions) Awareness campaign“, кој се состоел од ученички активизам за борба против употреба на алкохол, дроги и лекови кај младата популација.

Во училиштето има организирана исхрана-топол оброк за учениците од прво до трето одделение, а за учениците од четврто до деветто одделение понудена е ужинка, за која дел од средствата ги обезбедува Општина Карпош, а дел самите радители за што Општината и училиштето имаат склучено Договор со ДПТУ Ванила Фуд ДООЕЛ Скопје и Анекс на Договорот. Училиштето има склучено Договор со Друштво за трговија, услуги и производство ШАБАЦ ДООЕЛ-Скопје, за издавање на училишен простор за продажба на кондутурски производи, во период од понеделник до петок во период од 08,00 до 16,00 часот. Училиштето води кампања за здрава исхрана под мотото „Здрава храна за детство без мана“, редовно рганизира предавања и работилници на тема „Здрава храна“.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со посебни образовни потреби. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби. Во училиштето има двајца образовни асистенти за двајца ученици со ПОП , обезбедени од основното училиште со ресурсен центар ОУРЦ ,,д-р Златан Сремец'' – Скопје. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост и е овозможено нивно движење само на приземје од училишната зграда.

Во училиштето нема ученици од социјално загрозени семејства, кои приложиле документ, но училиштето редовно организира акции за обезбедување материјални средства и дава помош и поддршка за соучениците кои не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, но членовите на Ученичкиот парламент имаат забелешки во однос на одржувањето на хигиената во тоалетите и лоша миризба во соблекувалните во фискултурната сала.

Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и делумно е хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор, последната е извршена на 19.02.2024 година од Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација ,,СТАРС'-Скопје.

Училиштето има програма за превенција за здравјето и редовно се држат предавања и работилници од страна на стручните соработници. За учениците училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Санитарниот лекарски преглед е извршен во текот на месец Септември/Октомври во ЈЗУ Центар за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје, а превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во месец Април 2022 година во ПЗУ Поликлиника Медика-Скопје.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, а училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им ги обезбедува на учениците потребните информации. Професионалното ориентирање се врши од психологот, кој во својата програма има предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија.

Од стручните соработници се изготвуват промотивни материјали за мрежата на средните училишта, струките и профилите за занимањата, а се користат и промотивни материјали изготвени од средните училишта во градот. Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши во вид на предавања, работилници и посебно наменски часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час од страна на педагогот, психологот и одделенските раководители.

Училиштето е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование во училиштето, го продолжиле понатамошното образование.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

ООУ„Владо Тасевски“-Општина Карпош е препознатливо во локалната средина по постигањата на учениците во различни области, како и остварувањето на својата визија и мисија, а за тоа придонесуваат раководните органи и тела, како и вработените во училиштето и учениците. Наставниот кадар е отворен за соработка и ужива респект кај најголем дел од родителите и учениците. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето. Се поддржува инклузивноста, се негува родовата еднаквост, мултикултурализмот. Безбедноста во училиштето е засилена со служба за обезбедување како и дежурства на наставниот кадар, кои се залагаат за редот и безбедноста за време на часовите како и за време на одморите.

Училиштето има Куќен ред и Кодекс за однесување на учениците, вработените и родителите во кој еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале претставници од поголемиот дел стручни тела, а се усвоени од органите и телата на училиштето. Процедурите за реагирање во случај на прекршување на правилата, доследно се спроведуваат во пракса.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето ги применува изработените правилници за пофалби, награди, педагошки мерки за учениците, како и правилата за однесување на учениците и наставниците во училиштето за време на наставата.

Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во текот на првото полугодие во учебната 2023/2024 година изречени се четири педагошки мерки писмена опомена од класен раководител за несоодветно однесување и неоправдано отсуство од настава. Минатата учебна година, изречени се пет педагошки мерки писмена опомена од класен раководител за несоодветно однесување и нанесување на материјална штета на училиштето. Во учебната 2021/2022 изречена е една педагошка мерка писмена опомена од класен раководител поради нарушување на правила на однесување спрема другите ученици.

Училиштето има формирано ученички парламент избран на демократски начин. Ученичкиот парламент има избрано ученик претседател и ученик правобранител кои учествуваат во разгледување на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Претставниците на учениците се покануваат да присуствуваат на наставнички совет и училишен одбор, но не секогаш присуствуваат поради дополнителни обврски. Учениците целосно се информирани од претседателот за сите работи што се од нивен непосреден интерес и поголем број на ученици во одделението учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки. Ученичкиот парламент е носител на голем број хуманитарни акции организирани во училиштето.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето води грижа за постигањата на сите ученици. Наставничкиот кадар ја организира средината за учење со поставување јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат добри очекувања од самите себе и од другите за повисоки постигања на ниво на училиште. Поголем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор според Правилник за избор на ученик на генерација. Ученикот кој е првенец добива награда од Општина Карпош и од училиштето. Постигањата на учениците индивидуални и групни се истакнуваат и промовираат на наставнички совет, совет на родители, училишен одбор, информативно по паралелки, на веб страна на училиштето, во училишна брошура и преку училишен разглас.

Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Учениците со високи постигања се промовираат на крајот на учебната година.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето, вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето организира работилници за да ги запознае учениците со Конвенцијата за правата на децата и ги поттикнува да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Сите наставници се обучени за реализација на „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“, а за новвработените извршена е дисеминација. За негување на мултикултурализмот, во училиштето планираат и реализираат заеднички наставни и воннаставни активности со партнер училиште ООУ „Хасан Приштина“. Реализирани се заеднички спортски активности, активности со различни детски изработки поврзани интегрирано со предметите техничко образование, музичко образование и ликовно образование. Од страна на Тимот на МИО со учениците се реализирани повеќе работилници со ученици од мешан етнички состав: „Кој сме ние во Македонија“, „Честотки за мене, за тебе, за сите нас“, „Ало..ало“, „Што претставува поимот соживот и поимот интеграција“, „Какво општество е нашата држава“ и „Придобивки во животот од животот во мултиетничка заедница“.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Сите информации за своите деца и за животот во училиштето родителите ги добиваат преку индивидуални средби со наставниците, родителски средби, советот на родители, разговори со стручната служба, менаџментот на училиштето, преку членовите на училишен одбор - претставници од родители. На тој начин родителите се запознаваат со успехот, дисциплината, поведението и новитетите во наставните и воннаставните активности. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени и прифатени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.

Соработката со сите училишта на ниво на Општина Карпош се одвива преку комуникацијата на наставниот кадар и раководните тела и преку индивидуални посети на училиштата. Меѓусебната комуникацијата на учениците со учениците од другите училишта се одвива преку општински натпревари и спортски настани, учество во ликовни колонии, концерти и друго. Училиштето остварува соработка со здруженија, невладини организации, фондации при реализација на проекти.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училиштето работи во еден објект кој се наоѓа во населба Карпош, Скопје, во урбана средина, сместено во класична зграда, тврда градба, со вкупна внатрешна површина од 4745м$^{2.}$, приземје, два ката и подрум. Училишниот двор е со површина од 4400 м$^2$, а во состав на истиот има спортски терени со површина од 20м$^2$.

Наставата се реализира во две смени, првата смена е со почеток од 07:30 часот до 12:55 часот, додека втора смена започнува во 12:15 часот до 17:10 часот.

Наставата се изведува во 18 училници, 14 кабинети, од кои 1 кабинет за изведување настава по хемија и природни науки, е опремен од страна на Министерството за образование и наука. Училиштето располага и со 1 библиотека, 1 фискултурна сала, 1 кујна и трпезарија, 7 канцеларии, 4 помошни простории, 6 санитарни јазли за ученици, еден санитарен јазол за наставници со два тоалети. На влезот на училиштето има направено пристап за инвалидизирани лица – ученици. Дворот е заграден од сите 4 страни, со два влеза кои се постојано контролирани.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Располага со распоред и максимално се искористени училишните простории за изведување на настава и воннаставни активности.

Во училишните простории има инсталирано електрична инсталација за напојување на ИКТ опрема и мрежа за поврзување на ИКТ.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература, наставни и нагледни средства и други технички помагала кои соодветствуваат со современите наставни текови по најголем дел од наставните предмети.

Од наставни помагала училиштето располага со 19 функционални ЛЦД проектори, 10 смарт табли, 7 ПЦ компјутери за наставниците и стручни соработници, 40 лаптпопи и 10 таблети донација од ГЕТЕ институт дел од проектот-Рано изучување на германски јазик. Исто така, обезбедени се нагледни средства за реализација на настава за природни науки, музичка уметност и спорт.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ги користат во наставата и во учењето. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби училиштето изготвува прилагодени нагледни средства со поддршка на специјалниот едукатор и рехабилитатор.

Училишната библиотека располага со најмногу пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотеката има комјутер со пристап до интернет. Библиотечната евиденција се води електронски а издавањето и враќањето книги се води уредно само во пишана форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и согласно работното време на библиотекарот.

Училишната библиотека располага со вкупно 14580 книги. Бројот на лектирни изданија е 7702 од I – IX одделение. Фондот на книги постојано се надградува со набавка на нови лектирни изданија кои се предвидени во програмите. Од стручна литература располага со белетристика 5179, речници 27, енциклопедии, лексикони, прирачници 499. Библиотекарот е одговорен за прием и распределба на бесплатните учебници и ја води библиотекарската секција, во чии рамки организираат акции за собирање на книги, а се организираат и работилници за поттикнувањето на читањето и љубовта кон книгата.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал според приоритетните потреби за реализација на наставните и воннаставните активности.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Сите наставници имаат соодветно образование согласно со нормативите. Наставниот кадар е обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор вработен во училиштето и обезбедените образовни асистенти од ресусниот центар. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Наставата во училиштето ја реализираат 72 наставника од нив, високо образование имаат 62 наставници, со вишо образование има два наставника, седум наставника се со магистерски и еден наставник е со докторат. На неопределено работно време се 53 наставника и 19 наставника на определено работно време. Според полот 66 се жени и 6 се мажи, а според етничката припадност 70 се македонци, еден влав и еден србин. Наставата во одделенска настава ја изведуваат 35 одделенски наставници и 37 предметни наставници. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат пет стручни соработници специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, психолог, социолог и библиотекар.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето има 2 наставници – приправници. Назначен е наставник-ментор со звање наставник ментор. Во пропишаниот рок има изготвено Програма за работа. Во училиштето има еден наставник со звање ментор со решение од МОН.

Наставниците работат во рамки на два активи, предметна и одделенска. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид законските и подзаконските акти и соодветната квалификација согласно нормативот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Училиштето има стручна служба вработен педагог, психолог, социолог и специјален едукатор и рехабилитатор кои им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој. Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има предвид основните професионални компетенции за наставници. Училиштето има добра пракса за овозможување на посети на обуки и работилници за секој наставник или стручен соработник. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници и во интерни обуки. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Работата на наставник - приправник ја следи наставник ментор и стручната служба кои даваат соодветна и стручна помош.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетот се користи за приоритетни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на Училишен одбор.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Училиштето, по истек на мандатот на претставникот од основачот, Општина Карпош доставило барање за именување на нивни претставник. Барањето е заведено со бр.03-572/1 од 26.12.2023 година, но до моментот на интегралната евалуација основачот нема номинирано свој претставник. Останатите шест члена се со важечки мандат. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училишен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики, ги познава своите надлежности, информирани се за интерните акти кои ги усвојуваат и имаат одговорен пристап при донесување на одлуките. Најголем број од членовите учесвувале на on-line обука која придонесла за зајакнување на капацитетот на училишниот одбор како орган на управување.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето и објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Директорот, своето работење го заснова на индивидуални способности и тимска работа, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става осовременување на условите во кои се реализира наставата, унапредување на формите за соработка со родителите и локалната средина, како и афирмирање на угледот на училиштето во општествената заедница. Има примери за воспоставени продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на унапредување на социо-емоционалниот развој, менталното и физичко здравје на учениците, стекнување на квалитетно знаење, вештини и ставови, овозможувајќи индивидуален развој на секој ученик, почитувајќи ги оригиналностите и различностите, негувајќи ја инклузивноста, довербата и пријателскиот однос на учениците, наставниците и родителите. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, родителите, учениците) да работат на остварување на мисијата и визијата, која главно е насочена кон креирање на пријатна атмосфера за соработка и учење, како и градење на доверба, почитување и толеранција.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики и континуирано вложува напори за подобрување на политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, како и намалување на сите видови насилства во училиштата. Поттикнува младинско учество, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација и еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Освоени голем број први места во областа на природните науки (математика, хемија, биологија), странски јазици и спорт;
- Вклученост на училиштето во поголем број проекти;
- Воспоставена клима на почит и соработка меѓу наставник, родител и ученик;
- Активна ученичка заедница вклучена во сите аспекти кои се во интерес на учениците;
- Транспарентност при трошењето на училишниот буџет;

- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

## 8.2 Слаби страни

- Дел од училниците не се опремени со потребна ИКТ опрема /смарт табли и др./ во согласност со новата концепиција за основното образование;
- Учениците недоволно се информирани за критериумите за оценување по сите наставни предмети;
- Анализите за постигањата на учениците и редовноста не содржат причини и насоки за подобрување на состојбите.

## 8.3 Препораки

- Да се опреми училиштето со потребна ИКТ опрема /смарт табли и др./ согласно барањата во Концепцијата за основното образование;
- Да се информираат учениците и родителите за критериумите за оценување по сите наставни предмети;
- Да се оствари целта на анализите за постигањата на учениците и редовноста со тоа што ќе содржат причини и насоки за подобрување на состојбите.

| | |
|---|---|
| **Јасмина Аврамовска**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Нада Николова**, Инспектор | |
| **Драгослава И.Војницалиевска**, Инспектор | |